-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Оддел за административни и помошно-технички работи

**Архивски број: 04-3801/16**
**Датум: 27.05.2025**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административна селекција (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, и Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/14) В.Д. Директорот на установата донесе

**О д л у к а**

за избор на кандидат по пат на интерен оглас бр.01/2025 за пополнување на работно место со унапредување

1.За извршител на работно место Советник - Социолог. шифра на работното место **СО30102В01004**, Оддел за административни и помошно-технички работи, (1) еден извршител, се избира Бобан Нецинов.

2.Именуваниот кандидат ќе биде распореден на работното место од став 1 на оваа одлука по конечноста на одлуката.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 05.05.2025 година објавен е интерен оглас бр.01/2025 на веб страната на Агенцијата за администрација, веб страната на ЈУМ ЦСР Велес и огласна табла на установата.

Со Решение бр.04-3801/10 од 13.05.2025 година формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-3801/11 од 26.05.2025 година и Записник од спроведување на интервју бр.04-3801/12 од 26.05.2025 година.

-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Оддел за административни и помошно-технички работи

Врз основа на финалната ранг листа на интервјуираните кандидати бр.04-3801/15 од 26.05.2025 година, за работно место Советник - Социолог, В.Д.Директорот на ЈУМ ЦСР Велес донесе одлука како во диспозитивнот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до:
Избраниот кандидат
Оддел за административни и помошно-технички работи
Архива

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес
**ВД Директор**
**Нада Трајкова**

Изработил: Марија Митревска
Контролирал: Тања Маневска
Одобрил: Тања Маневска
Согласен:


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk